# Дали сте двојка?

## [Претходно познато како да се биде во брак како во односи]



*Are you a member of a couple?* - Macedonian

Во поголемиот број на случаи вашите социјални и семејни исплати се погодени со тоа дали сте проценети како самец или со партнер (дел од двојка).

Плаќањата и бенефициите може да се разликуваат зашто:
- поголемиот број на плаќања зависат од статусот на вашите односи
- износот на пензијата или додатоците обично се пониски ако сте дел од двојка
- приходот и имотот на вашиот партнер се проценуваат за поголемиот број на исплати од Centrelink
- приходот на вашиот партнер се проценува за семејните исплати.

Од 1 јули 2009 промените во законот значат дека Centrelink и Family Assistance Office ги признаваат двојките од различен и двојките од ист пол.

## Што значи да се биде дел од двојка за целите на Centrelink и Family Assistance Office?

Ќе ве сметаат дека сте дел од двојка ако живеете со вашиот партнер и сте:
- bo брак
- bo регистрирани односи (од ист или различен пол), **или**
- bo де факто односи (со спротивен или со ист пол).

## Што се тоа *регистрирани односи*?

- **Регистрирани односи** се оние кои се регистрирани според законите на определена држава или територија во Австралија и се однесуваат на определени односи на двојки, вклучувајќи граѓански односи (во моментот во Australian Capital Territory, Tasmania и Victoria).
- Клиент во регистрирани односи се смета дека е член на двојка освен ако не се раздвоени.
- Односи регистрирани во други земји или според шеми на локалните власти (како што е регистерот во City of Sydney) не се признаваат зашто не се регистрирани според закон на држава или територија во Австралија. Меѓутоа, доказите за овие регистрации се силен индикатор дека двојката е во де факто односи.

## Што се тоа *де факто односи*?

- **Де факто односи** се кога две лица, кои не се во брак или во регистрирани односи, се партнери/ки и живеат заедно (или обично живеат заедно) како *членови на двојка*, базирано на пет фактори наведени подолу.
- За двојка се смета де е во де факто односи од времето кога почнале да живеат заедно како *членови на двојка*.
- Не постои минимум време за односите да се сметаат дека се во де факто (освен за Youth Allowance).

## Како се смета за целите на Youth Allowance?

Ако сте клиент кој добива Youth Allowance може да бидете проценети како независен ако сте дел од двојка.

Вие ќе бидете член на двојка за Youth Allowance ако и двојцата/двете сте постари од возраст за која се бара согласност од родителите во вашата држава или територија, и:
- вие сте правно во брак или во регистрирани односи, **или**
- вие живеете со друга особа во де факто односи, базирано на следните фактори, за најмалку од 12 месеци (не сметајќи привремени разделби) или, во посебни околности, за најмалку од шест месеци.

Ако не сте сигурни за статусот на вашите односи јавете се на Centrelink.



Australian Government
Family Assistance Office
Centrelink
giving you options

# Пет фактори кои се земаат во предвид при проценката на *членови на двојка*

Ако е потребна проценка, се бараат информации и се земаат во предвид пет фактори при одлучувањето дали сте член на двојка. Ова не е список за проверка и не сите фактори треба да бидат присутни за да се определи дека живеете како двојка.

### *Финансиски аспект*

Ова ја зема во предвид финансиската независност, вклучувајќи дали било кој од вас двајцата/двете обезбедува финансиска поддршка на другиот/другата. Може да се бараат информации за:

- плаќање на трошоците во домаќинството (на пр. електрична енергија, телефон)
- банкарски сметки или заедничка сопственост на поголем имот
- чии имиња се наведени на документите за станарина, договори за закупување или купување на куќа
- дали си ги отплаќате заемите еден на друг
- дали се сметате себе си како партнери, зависни и/или член на семејство за потребите на данокот, осигурување, здравство или други цели
- дали сте наведени еден со друг за корисници на наследство, животно осигурување, пензиски исплати или компензации.

### *Социјален аспект на вашите односи*

Ова опфаќа дали:

- вие ја сметате другата особа како партнер и се претставувате како двојка на социјални или рекреативни активности
- вие и другата особа правите планови, како за минување одмор заедно како двојка или семејство
- вие и другата особа се претставувате како двојка пред другите луѓе, како работодавачите, сопствениците на куќа каде живеете под кирија или други бизнисмени
- семејството, пријателите и колегите ве гледаат како двојка.

### *Природата на вашето домаќинство*

Обично ќе ве сметаат како дел од двојка ако живеете заедно. Меѓутоа, може да ве сметаат за двојка ако вашиот партнер/ка живее надвор од домот, ако студира или работи (вклучувајќи работа во странство).

Може да се бараат информации за:

- кој обично живее во куќата и кои се однсоите меѓу вас и другото лице/лица
- како се користи просторот во куќата, вклучувајќи дали има заеднички простории за преку ден – како кујна и дневна соба, и дали делите иста спална.
- како се делат обврските во домаќинството, вклучувајќи дали едниот готви, чисти или пере и за другиот
- дали сте живееле заедно на друга адреса и зошто сте решиле да живеете заедно.

### *Сексуални односи*

Отсуството или присуството на сексуални односи се смета, но не индицира самото дали сте или не член на двојка.

Може да се бараат информации за:

- дали имате редовни сексуални односи со другото лице
- колку долго сте во односи, **и**
- дали имате дете или деца заедно.

### *Природа на вашите односи*

Ова зема во предвид дали сте емоционално врзани што е различно од односите со блиските роднини, пријатели или состанари, вклучувајќи:

- како ги споредувате вашите односи со односите на другите луѓе кои се дел од двојки
- дали имате взаемна определеност кон односите и сила на емотивна врзаност
- дали донесувате заеднички решенија или имате влијание на долгорочните решенија и планови на другиот
- дали очекувате дека односите ќе продолжат и во иднина, **и**
- дали природата на вашата определеност се има променето и како.

# Што предизвикува проценка или разгледување на *член на двојка*?

Ако известите дека сте член на двојка обично не се превзема проценка на односите. Вие ќе бидете третирани како партнери и плаќањата или следувањата ќе бидат преиспитани.

Проценка на член на двојка се превзема кога:

- вие ќе доставите информации кои индицираат на Centrelink дека сте член на двојка, ако на пример делите сместување и постојат индиции дека делите и имот

- информациите се обезбедуваат од внатрешни извори или други владини одделенија (како Australian Electoral Commission) кои индицираат дека вие можеби сте член на двојка, а не сте го известиле Centrelink
- Centrelink добива анонимни информации од луѓе (пријавување) што индицира дека вие може да сте член на двојка, а не сте го известиле Centrelink.

Проценка на член на двојка не се иницира ако не постојат индикатори дека постои однос.

Ако не сте сигурни за статусот на вашите односи вие би требало да го контактирате Centrelink.

## Што треба да сторам ако се изврши проценка на член на двојка?

1. Обично ќе се побара од вас и од другото лице секој од вас да потполни формулар за *Детаљи за Односите* за петте фактори.
2. Вие и другото лице може да бидете контактирани по телефон или со писмо да ги разјасните информациите.
3. Ако е потребно, може да се направат контакти со писма со други лица, на пример, со вашиот агент за недвижности, работодавач или со финансиски институции за добивање на додатни информации.

Барањата за информации од други лица се прават со писма и се именува само лицето за кого се однесува барањето.

Вашата приватност и доверливост се заштитени во согласност со законот.

## Јас сум разделен, меѓутоа живеам со поранешниот партнер/ка. Дали сум член на двојка?

Да се биде 'разделен под еден кров' може да се случи кога односите се прекинале и странките се разделиле за постојано, меѓутоа сеуште живеат на истата адреса. Овие околности може да вклучуваат:

- bие сте се разделиле од поранешниот партнер/ка, меѓутоа ниеден од вас не се одселил на друго место
- bашиот претходен партнер/ка се вратил/ла да престојува со вас, **или**
- природата на односите фундаментално се има променето.

Кога сте разделени под ист кров ќе се изврши проценка на односите на член на двојка.
Centrelink може да праша:

- зошто продолжувате или сте започнале да живеете на иста адреса
- kако се имаат променето вашите односи откога бевте член на двојка
- дали делите иста спална
- чие име е на документите за издавање или сопственост и зошто
- kако се плаќаат сметките за домаќинството и зошто
- дали била поведена било каква судска постапка во врска со завршување на односите
- kои ви се плановите за иднина, вклучувајќи дали планирате да живеете со другото лице наспроти раздвоеноста и зошто, на пример има ли културни причини или потреба за нега.

Петте фактори, дискутирани порано, се земаат во предвид во одредувањето дали односите на двојка се прекинати или не. Се зема во предвид вашата целокупна ситуација вклучувајќи ги вашите околности и причини кои може ги имате за да продолжите да живеете со вашиот поранешен партнер/ка.

## Што се тоа повеќекратни односи?

Повеќекратни односи се кога имате повеќекратни односи со други луѓе, кои може да се од ист или спротивен пол и секој однос се смета ист зашто е дел од двојка. Семејна група може да вклучи клиент со повеќебројни машки или женски партнери.

Се извршува проценка на посебен член на двојка за секој однос и едно лице може да се смета дека е член на односи на двојка со повеќе од едно лице во исто време.

## Што треба да сторам ако сметам дека решението да бидам третиран како член на двојка ќе ми предизвика неправедни потешкотии?

Можете да побарате Centrelink да преиспита дали има посебна причина вие да **не** бидете третирани како член на двојка според Section 24 од *Social Security Act 1991*. Ова може да биде направено само откога ќе се потврди дека вие сте член на двојка.

Секое барање се проценува случај по случај. Може да има посебна причина ако третирајќи ве како член на двојка би довело до тоа да немате за основните животни потреб и заради неможноста да обезбедите средства со партнерот/ката како последица на околности кои се невообичаени и вон ваша контрола.

Ако не сте третирани како член на двојка ќе ви биде исплаќана единечна исплата и приходот и имотот на вашиот партнер/ка нема да влијае на вашите плаќања.

## Тешкотии заради поседување имот

Ако комбинираните имоти од вас и вашиот партнер/ка ве исклучуваат од плаќања и се наоѓате во тешка финансиска состојба зашто еден или повеќе од овие имоти не можат да бидат продадени или заложени за кредит, вие може да се квалификувате за плаќања според клаузулата за тешкотии заради поседување имот.

За повеќе информации погледајте ја брошурата *Hardship Information* (*Информации во случај на финансиски потешкотии*). Таа е достапна на **www.centrelink.gov.au** или ако се јавите на Centrelink или во службата за работа со клиенти на Centrelink.

## Што ќе се случи ако не известам дека сум член на двојка?

Вие треба да го известите Centrelink или Family Assistance Office ако сте член на двојка. Ако тоа не го сторите може да направите долгови и да треба да враќате пари.

Може да бидете и судски казнети ако се смета дека намерно сте ги прикажале погрешно вашите околности.

## Приватност

Centrelink и Family Assistance Office сериозно ја земаат вашата приватност. Нашиот персонал е обучен да осигура дека информациите за вашите односи се заштитени од неовластен пристап или користење.

За повеќе информации погледајте ја брошурата *Your Right to Privacy (Вашите права на приватност)*. Таа е достапна на **www.centrelink.gov.au** или ако се јавите на Centrelink **13 6280** или ако прашате во службите за клиенти во Centrelink.

## Преиспитување и жалби

Ако не сте задоволни со решение на Centrelink, вие имате право да го оспорите.

Вие имате и право да побарате преиспитување од страна на овластен службеник.

Ако решението на Centrelink да ве третираат како член на двојка резултира до намалување или сопирање на вашите исплати, вие може да побарате Centrelink да разгледа да ве исплаќа како поединец за време на преиспитувањето.

Процесот на преиспитување и жалба е објаснет во брошурата *Reviews and Appeals (Преиспитување и жалби)*. Таа е достапна на **www.centrelink.gov.au** или ако се јавите на Centrelink или ако прашате во службите за клиенти на Centrelink.

## Како да дознаете повеќе

| | |
|---|---|
| **Служби за вработување** | **13 2850** |
| **Служби за млади и студенти** | **13 2490** |
| **Family Assistance Office** | **13 6150** |
| **Служба за онеспособени, болни и негуватели** | **13 2717** |
| **Служби за пензионери** | **13 2300** |
| **Повикувачки центар за домородни** | **13 6380** |
| **На други јазици** | **13 1202** |
| **Линија за информации за ист пол** | **13 6280** |
| **Односи со клиенти** (предлози, жалби и поплаки) | **Бесплатен повик™ 1800 050 004** |
| **TTY* информации за плаќања** | **Бесплатен повик™ 1800 810 586** |

*TTY е само за лица кои се глуви или имаат потешкотии со слухот или говорот. Потребен е посебен TTY телефон за користење на оваа услуга.

**Служби на Владата на Австралија**
**Линија за известување измами** **13 1524**

Појдете на нашата интернет страна на **www.centrelink.gov.au**

Проверете ја врската ‘ние го зборуваме вашиот јазик’ на интернет страната на Centrelink за информации на други јазици.

**Забелешка:** повиците од вашиот домашен телефон до броевите “13” на Centrelink од било каде во Австралија се наплаќаат по фиксна цена. Цената може да варира од цената на локален разговор и исто така од телефонската компанија. Повиците на “1800” броевите од домашните телефони се бесплатни. Повиците од јавните телефони може да се наплаќаат по време и да се наплаќаат по повисока цена.

## Оградување

Информациите содржани во оваа публикација се наменети само како индикативни. Информациите се точни од јули 2009. Ако ја користите оваа публикација после ова време проверете во Centrelink дали деталјите се тековни.